Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-5284/4
27.05.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

До: **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 208 и 209 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, што го утврди на седницата, одржана на 27 мај 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Крум Ефремов, директор во Министерство за надворешни работи и надворешна трговија.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.05.27 17:07:38 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 27.05.2025
Проверил: Никола Пасков, 27.05.2025
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 27.05.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 27.05.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.05.27 17:01:18 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 27.05.2025 16:57 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=32114f6b-f8c6-4e1b-964c-8e257b154c1c&docSharePointURL=/materijali/2025/638838680436080029/Documents/act.docx&materialId=88192ede-f158-49c9-bd08-470806c7260f |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Александар Николоски,заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,

д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,

д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт

м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и наворешна трговија и

ПОВЕРЕНИЦИ: д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и

Крум Ефремов, директор во Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Предлог на закон
за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти

Скопје, мај 2025 година

Предлог на закон
за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти, потпишан во Лондон на 22 мај 2025 година.

Член 2

Договорот од членот 1 од овој закон, во оригинал на македонски јазик и на англиски јазик, гласи:

## ДОГОВОР МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВЛАДАТА НА ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И СЕВЕРНА ИРСКА ВО ВРСКА СО ПАРТНЕРСТВО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

### ВОВЕД

Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (во натамошниот текст: „Владата на Обединетото Кралство"), претставувана од Одделот за бизнис и трговија (во натамошниот текст: „DBT"), и

Владата на Република Северна Македонија, заеднички „Учесници" и поединечно „Учесник", имаат желба да соработуваат за поддршка на реализацијата на инфраструктурни проекти во Република Северна Македонија и за унапредување на нивните односи во областа на инфраструктурата.

**Признавајќи** дека одржливата и отпорна инфраструктура е клучна за просперитетот и конкурентноста на една земја и дека истата го поддржува економскиот раст;

**Правејќи** заложби за размена на знаења, најдобри практики и иновации во соодветните области на експертиза за поддршка на реализацијата на проекти за критична инфраструктура во секторите здравство, транспорт, технологија и енергетика; и

**Во духот** на јакнење на билатералната соработка во областа на инфраструктурата во секторите транспорт, здравство, технологија, енергетика и други критични сектори, а за поддршка и меѓусебно поттикнување на економскиот развој, Учесниците се договорија како што следи подолу.

### ЧЛЕН 1
### ЦЕЛ

Целта на овој Договор е:

-Да воспостави партнерство за поддршка на реализацијата на инфраструктурни проекти во секторите здравство, транспорт, технологија, енергетика и други критични сектори во Република Северна Македонија. Првичната група проекти за спроведување е наведена во Анекс А. Сепак, може да се вклучат и дополнителни проекти доколку така заеднички одлучат Учесниците.
-Да се разменуваат знаења и најдобри практики, користејќи експертиза и од Владата на Обединетото Кралство и од британските деловни субјекти за поддршка на реализацијата на проектите наведени во Анекс А.

### ЧЛЕН 2
### ОБЛАСТИ НА СОРАБОТКА

Учесниците ќе соработуваат на следниве начини за реализација на проектите наведени во Анекс А:

-Учесниците ќе работат заедно за да идентификуваат можности за финансирање на проекти, вклучително и од Инструментот на Обединетото Кралство за финансирање на извозот (UK Export Finance (UKEF),

-Ќе се олесни запознавање со британските деловни субјекти за поддршка на реализацијата на проектите,

-Ќе се разменуваат знаења и најдобри практики во областа на здравството, транспортот, технологијата, енергетиката и клучните критични сектори, а за изградба на капацитетите на Владата на Република Северна Македонија, користејќи експертиза од Владата на Обединетото Кралство и британските деловни субјекти.

Следствено, ваквата соработка ќе биде во согласност со важечкото законодавство, правилата и националните политики на секоја од земјите.

## ЧЛЕН 3
## ПРОГРАМСКО ФИНАНСИРАЊЕ

Учесниците ќе работат заедно за да ги истражат можностите за мобилизирање на финансирање за приоритетните проекти наведени во Анекс А.

Владата на Обединетото Кралство го потврдува интересот и капацитетите на Инструментот на Обединетото Кралство за финансирање на извозот (UK Export Finance (UKEF) за обезбедување финансирање за поддршка на приоритетните проекти, под услов да ги исполни правните, политичките, финансиските и други барања за задолжителна проверка и одобрување, при тоа земајќи ја исто така предвид неговата политика за преземање ризик за вакви проекти во моментот на разгледување на истите.

Потенцијалната поддршка од Инструментот на Обединетото Кралство за финансирање на извозот (UK Export Finance (UKEF) ќе зависи од кумулативната сума на изложеност на кредитен ризик на UKEF за проектите во Република Северна Македонија, која не смее да го надмине тековното ограничување од 5 милијарди фунти (пет милијарди британски фунти).

## ЧЛЕН 4
## ДОВЕРЛИВОСТ

Учесниците прифаќаат дека меѓусебно ќе разменуваат информации, а за да се овозможи постигање на целите на овој Договор. Размената на информации во рамките на овој Договор е предмет на следните одредби:

а) Учесниците може да ги користат информациите само за намени во поддршка на овој Договор и ќе ја чуваат доверливоста на информациите разменети меѓу нив.

б) Во случаи во кои кој било од Учесниците е законски обврзан да открие кои било информации поврзани со овој Договор, а согласно важечкото законодавство, или според судска наредба или заради друга причина, таквиот Учесник ќе го извести другиот Учесник предда ги открие предметните информации, или во случаи во кои тоа не би било разумно изводливо пред откривањето на предметните информации, Учесникот ќе го извести другиот Учесник по откривањето на таквите информации.

в) Во согласност со законите и регулативата на секој Учесник, Учесниците ќе спроведат

соодветни мерки за заштита на доверливоста на информациите што се откриваат и на доверливоста на кој било друг документ што следствено ќе се размени според овој Договор.

**ЧЛЕН 5**
**ИЗМЕНИ**

Секоја измена или ревизија на текстот на овој Договор ќе биде во писмена форма, а по одлука на двата Учесника. Таквите измени или ревизии влегуваат во сила по нивното потпишување.

**ЧЛЕН 6**
**СТАТУС**

Учесниците прифаќаат дека овој Договор не создава законски права и/или обврски за Учесниците или која било трета страна согласно националното или меѓународното право.

Било која разлика во толкувањето или примената на овој Договор што ќе настане меѓу Учесниците ќе се решава пријателски преку консултации и соработка меѓу Учесниците и нема да биде упатена на која било трета страна, национален или меѓународен суд или трибунал. Ниту еден од Учесниците нема да има право на било каква форма на решавање на спорови во однос на овој Договор, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на судски или постапки пред трибунал, арбитража или упатување на трета страна.

За спроведување на проектите според овој Договор, Владата на Република Северна Македонија, согласно нејзините национални закони и владините постапки, може да ги преземе сите неопходни законодавни, управни и институционални мерки, вклучително и донесување закони и подзаконски акти, а за да овозможи ефикасно и делотворно извршување на инфраструктурните проекти наведени во Анекс А и дополнителни проекти за критичната инфраструктура, како што ќе се договорат Учесниците.

**ЧЛЕН 7**
**ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА И ТРАЕЊЕ**

Овој Договор останува во сила за период од 10 години. Договорот може да биде прекинат со писмено известување доставено од еден од Учесниците до другиот Учесник, најмалку 60 дена пред планираниот датум на прекин. Прекинот на овој Договор нема да влијае на проектите што се во тек.

**ЧЛЕН 8**
**ПОТПИШУВАЊЕ И ПРЕВОД**

Горенаведеното претставува договор постигнат меѓу Учесниците во однос на прашањата наведени во овој текст.

Учесниците прифаќаат дека потпишаните и скенираните копии од овој Договор се еквивалентни на оригинални примероци.

Потпишано во два примерока, од кои секој на македонски и англиски јазик, при што двата текста се подеднакво автентични.

Заменик Претседател на Владата на Република Северна Македонија во име на Владата Република Северна Македонија

Датум:

За Одделот за бизнис и трговија на Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

Датум:

**Анекс А:**

**Предложени приоритетни проекти за почетен напредок според Договорот меѓу и Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска**

| Основни податоци за проектот | Сектор | Надлежен оран/министерство |
|---|---|---|
| Програма за обновување и реконструкција на болници, вклучувајќи болници во Штип и Кичево, Универзитетски клинички центар и градски болници во Скопје, болници во Куманово, Битола, во Регионот Тетово-Гостивар и регионот Охрид-Струга. | Здравство | Министерство за здравство |
| Брза железница долж Транспортен коридор 10, којашто ги поврзува граничните премини Табановце и Гевгелија/Богородица, главниот град Скопје и Аеродромот во Скопје. | Транспорт | Министерство за транспорт и врски |
| Програма за развој на Транспортен коридор 8. | Транспорт | Министерство за транспорт и врски |
| Програма за развој на капацитетите за сајбер безбедност и дигитална трансформација на Владата на Северна Македонија. | Технологија | Министерство за дигитална трансформација |
| Развој на капацитетите за производство и пренос на електрична енергија на Северна Македонија. | Енергетика | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини |

# ARRANGEMENT BETWEEN GOVERNMENT OF THE UNITED KINGDOM OF GREAT BRITAIN AND NORTHERN IRELAND AND THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA CONCERNING A PARTNERSHIP TO DELIVER INFRASTRUCTURE PROJECTS

**Short Title: A UK AND THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA GOVERNMENT TO GOVERNMENT ARRANGEMENT FOR PRIORITY INFRASTRUCTURE PROJECTS**

## INTRODUCTION

The Government of The United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland (hereafter referred to as the "Government of the United Kingdom"), represented by the Department for Business and Trade (hereafter referred to as "DBT"), and

The Government of the Republic of North Macedonia jointly referred to as the "Participants" and individually as a "Participant" wish to collaborate to support the delivery of infrastructure projects in the Republic of North Macedonia and grow their relationship in the field of infrastructure.

**Recognising** that sustainable and resilient infrastructure is central to a country's prosperity and competitiveness and supports economic growth;

**Seeking** to exchange knowledge, best practice and innovation in respective fields of expertise to support the delivery of critical infrastructure across the health, transport, technology and energy sectors; and

**In the spirit** of strengthening bilateral cooperation in infrastructure across the transport, health, technology, energy and other critical sectors to support and encourage mutual economic development, the Participants have reached the understanding as set out below.

## PARAGRAPH 1
## OBJECTIVE

The objective of this arrangement is to:

- Establish a partnership to support the delivery of infrastructure projects across the health, transport, technology, energy and other critical sectors in the Republic of North Macedonia. The initial set of projects to progress are outlined in Annex A. However additional projects may be included if jointly decided by the Participants.

- Share knowledge and best-practice drawing from the expertise of both the Government of the UK and UK businesses to support the delivery of projects outlined in Annex A.

## PARAGRAPH 2
## AREAS OF COOPERATION

The Participants will cooperate in the following ways to deliver the projects outlined in Annex A:

- The Participants will work together to identify project financing options, including from UK Export Finance ('UKEF'),
- Facilitate the introduction to UK businesses to support the delivery of projects
- Share knowledge and best practices across the health, transport, technology, energy and key critical sectors to build capacity in the Government of the Republic of North Macedonia, drawing from the expertise of the Government of the United Kingdom and UK businesses

This cooperation will, accordingly, be in line with the applicable legislation, rules, and national policies of each country.

## PARAGRAPH 3
## PROGRAMME FINANCING

The Participants will work together to explore mobilising finance for the priority projects outlined in Annex A.

The Government of the United Kingdom confirms UKEF's interest and capacity to providing financing to support priority projects subject to its legal, policy, financial and other due diligence and approval requirements and taking account of its risk appetite for such projects at the time of consideration.

UKEF's potential support will be subject to the cumulative amount of UKEF credit risk exposure to projects in the Republic of North Macedonia, which will not exceed the current limit of £5 billion (five billion pounds).

## PARAGRAPH 4
## CONFIDENTIALITY

The Participants recognise that to facilitate the objectives of this arrangement, information may pass between them. The sharing of information under this arrangement is subject to the following provisions:

a) The Participants may only use the information for purposes which further the objectives of this arrangement and will keep the information confidential as between them.

b) In circumstances where either Participant is legally obliged to disclose any information related to this arrangement under applicable legislation, by court order or for another reason, it will inform the other Participant before doing so, or in circumstances where that would not be reasonably practicable to do so before disclosure, advise the other Participant following disclosure of such information.

c) In accordance with each Participant's laws and regulations, the Participants will take adequate steps to protect the confidentiality of information disclosed and any document subsequently exchanged under this arrangement.

## PARAGRAPH 5
## AMENDMENTS

Any amendment or revision to the text of this arrangement will be in writing by decision of both Participants. Such amendment or revision will come into effect upon its signing.

## PARAGRAPH 6
## STATUS

The Participants accept that this arrangement does not create legal rights and/or obligations for the Participants or any third party under domestic or international law. Any difference in interpretation or application of this arrangement that arises between the Participants will be settled amicably through consultation and cooperation between the Participants, and will not be referred to any third party, national or international court or tribunal. Neither Participant may have recourse to any form of dispute settlement whatsoever in respect of this arrangement, including, but not limited to judicial or tribunal proceedings, arbitration or referral to a third party.

For the implementation of projects under this Arrangement, the Government of the Republic of North Macedonia, in accordance with its national laws and governmental procedures, may take all necessary legislative, administrative, and institutional measures, including enacting laws and bylaws, to facilitate the efficient and effective execution of the infrastructure projects outlined in Annex A and additional critical infrastructures project as agreed by the parties.

## PARAGRAPH 7
## ENTRY INTO EFFECT AND DURATION

This arrangement will remain in effect for a period of 10 years. The arrangement may be terminated by written notice given by one of the Participants to the other Participant at least 60 days before the intended termination date. The termination of this arrangement will not prejudice projects in progress.

## PARAGRAPH 8
## SIGNATURE AND TRANSLATION

The foregoing represents the understanding reached between Participants regarding the matters referred to herein.

The Participants recognise the signed and scanned copies of this arrangement as equivalent to original copies.

Signed in duplicate in the English and Macedonian languages, both texts having equal validity.

For The Department for Business and Trade of the Government of the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland

Date:

Vice President of the Republic of North Macedonia on behalf of the Government of the Republic of North Macedonia

Date:

**Annex A: Proposed priority projects to initially progress under the UK & The Republic of North Macedonia G2G**

| Project details | Sector | Sponsor department |
|---|---|---|
| Hospital refurbishment and rebuild programme including hospitals in Shtip and Kichevo, University Clinic Centre and city hospitals in Skopje, hospitals in Kumanovo, Bitola, Tetovo-Gostivar and Ohrid-Struga regions. | Healthcare | Ministry of Health |
| High-speed railway along Transport Corridor 10, connecting Tabanovce border crossing and Gevgelija/Bogorodica border crossing, capital city of Skopje and Skopje airport. | Transport | Ministry of Transport and Communications |
| Programme to develop Transport Corridor 8. | Transport | Ministry of Transport and Communications |
| Programme to develop the cyber-security capacity and digital transformation of the Government of North Macedonia. | Technology | Ministry of Digital Transformation |
| Development of North Macedonia's electricity generation and transmission capacities. | Energy | Ministry for Energy, Mining and Mineral Resources |

Член 3

Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини се определуваат како надлежни органи на државната управа што ќе се грижат за извршување на Договорот од членот 1 од овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Северна Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

### А. Уставна основа за донесување на Законот

Уставната основа за донесување на законот што се предлага е содржана во член 68 став 1 алинеја 6 од Уставот на Република Северна Македонија според кој, Собранието на Република Северна Македонија со закон ги ратификува меѓународните договори на Република Северна Македонија.

### Б. Причини поради кои се предлага ратификацијата

Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти е склучен во Лондон на 22 мај 2025 година врз основа на потпишаната Декларација за Стратешкото партнерство меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и е важен чекор напред во зајакнувањето на партнерството меѓу двете земји и во унапредувањето на нивните заеднички интереси.

Целта на овој Договор е консолидација и натамошен подинамичен развој на односите и соработката во областа на критичната инфраструктура, здравството, технологија и енергетика заради реализација на приоритетни инфраструктурни проекти.

Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска имаат одлични билатерални односи, како сојузници во НАТО, а тука влегува и нагорниот тренд на надворешно трговската размена и инвестициите

Партнерството и соработката меѓу двете држави започнува со склучувањето на Спогодбата за партнерство, трговија, и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, која стапила во сила од 29.12.2023 година вклучително и со потпишување на Изјавата за соработка во борбата против тешкиот и организираниот криминал и Аранжманот за одбранбена соработка. Овие меѓународно правни инструменти отвориле нов пат кон продлабочување на соработката меѓу надлжните органи од двете држави.

Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти создава нови можности за соработка со цел забрзано спроведување на проекти за високо квалитетна инфраструктура во Северна Македонија. Според Договорот Велика Британија ќе ѝ обезбеди на Северна Македонија кредитна линија од 5 милијарди фунти за големи инфраструктурни, железнички, транспортни, здравствени и енергетски проекти.

Списокот на проекти вклучува, меѓу другото:

(i) развој на модерна товарна и брза патничка железница од Табановце до Гевгелија;
(ii) инвестирање во здравството и изградба на нови болници;
(iii) завршување на проектот за Клиничката болница во Штип ;
(iv) изградба на нова зграда за Медицинскиот факултет и студентски дом;
(v) изградба на болница и здравствен центар во Кичево;
(vi) реконструкција на Клиничката болница во Тетово и
(vii) развој на капацитетите за сајбер безбедноста и дигитална трансформација на Владата на Република Северна Македонија.

Списокот на проекти на кои би се фокусирала меѓувладината соработка, кој е приложен како Анекс А кон Договорот .

Институцијата на Обединетото Кралство за финансирање на извозот (UK Export Finance-UKEF), е планирано да биде клучен дел од понудата со покритие до 5 милијарди фунти во Северна Македонија со цел искористување на финансирањето на овој инструмент за проекти наведени во

првичниот список. Во понатамошната постапка ќе бидат вклучени и надворешни консултанти со цел усогласување на финансирањето и преминување во фазата на реализација на договорените проект.

В. Оцена за тоа дали меѓународниот договор бара донесување на нови или измена на важечките закони

Договорот кој се предлага да се ратификува не бара донесување на нови или измена на важечките закони.

Г. Оцена за потребата од ангажирање финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за спроведување на меѓународниот договор

Спроведувањето на овој договор нема да предизвика потреба за дополнителни средства во Буџетот на Република Северна Македонија.